**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-815/3
Датум:3.6.2020 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019) и член 18 од Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 3.6.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**

за изменување и дополнување на Одлуката за доуредување
и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на
Факултетот во услови кога се во сила мерките на надлежните органи во Република
Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за доуредување и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на Факултетот во услови на вонредна состојба (Универзитетски гласник бр. 496/2020).

Член 2

Во став 1 од член 11 се бришат зборовите *и испити (за сите три циклуси студии).*

Член 3

По членот 11 се додава нов член кој гласи:

Член 11 а

Проверката на знаењата во испитните сесии се врши согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование во време на вонредна состојба (Сл. весник на РСМ бр. 134/2020), а според посебна процедура.

Испитите од сите три циклуси на студии се полагаат, во правило, со физичко присуство, при што се запазуваат мерките за заштита утврдени со Протоколот на Министерството за обрзование и наука.

По исклучок од став 1 на овај член испитите можат да се одржат преку електронски средства, доколку со сигурност може да се обезбеди идентификација и контрола на работата на студентот за време на полагање.

Начинот на одржување на испитите согласно став 2 или став 3 од овај член го определува предметниот наставник.

Испитите задолжително се одржуваат според однапред објавен распоред.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски